Фарук Шехиќ

# ПОД ПРИТИСОК

Културна установа Блесок

ЕДИЦИЈА УРБАН ФЛУИД

2012

Copyright за македонското издание: © Културна установа Блесок, 2012.
Copyright of the translation: © S. Fischer Foundation by order of TRADUKI

Сите права се задржани.

Ниеден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на кој било начин без претходна писмена согласност на издавачот.

Наслов на оригиналот: Faruk Šehić, “Pod pritiskom”

Оваа книга е објавена со поддршка на ТРАДУКИ, мрежа за книжевност во која членуваат Министерството за европски и меѓународни работи на Република Австрија, Министерството за надворешни работи на Федеративна Република Германија, Фондацијата за култура Про Хелвеција од Швајцарија, КултурКонтакт од Австрија, Гете институт, Словенечката агенција за книга и Фондацијата С. Фишер.

traduki

---

CIP – Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.4(497.6)-32

ШЕХИЌ, Фарук

Под притисок : раскази / Фарук Шехиќ. Превод од босански: Игор Исаковски – Скопје : Блесок, 2012. – 184 стр. ; 17 см. (едиција Урбан флуид; кн. 13)

Превод на делото: Pod pritiskom / Faruk Šehić

Белешка за авторот: стр. 177

ISBN 978-9989-59-368-0

I. Šehić, Faruk види Шехиќ, Фарук

COBISS.MK-ID 91295242

**Фарук Шехиќ**

# ПОД ПРИТИСОК

**• раскази •**

Превод од босански: **Игор Исаковски**

Културна установа БЛЕСОК
Скопје, 2012

*Има добро во тоа*
*Кога ќе ти ја урнат куќата на земјата*
...
*Мора да го има*

Илија Ладин

*В ред, ние сме два народи.*

Џон Дос Пасос

содржина

## Хиерархија на нештата

под притисок 7
од хаику дневникот 13
до вечноста 21
ужасот е наше фурање 30
форсирање на реката 36
на невропсихијатрија 44
циркуларно писмо 53

## Потрага по топлина

длабоко зад линиите 57
шрапнел со месечева боја 63
гробарски приказни 68
автомат 74
пропаст 82
калеидоскоп на сеќавања 89
од самрак до зора 94
постои овој расказ 100

## DARK und DARK

големиот сон 106
курчева работа 112
телото е змејско гнездо 116

истековме од месечевите препони 120
значи, ова е роман 126
црна кокошка 133
воини на подземјето 137
кварт во конзерва 141
рајско гето 147
џебна одисеја 152
faruk sehic & the blackhearts (егоцентрична верзија) 158
разгледници од марс 165

Јосип Млакиќ: Босанска коњица 173

Белешка за авторот 177

# ХИЕРАРХИЈА НА НЕШТАТА

## ПОД ПРИТИСОК

1.

Нè доведоа на линијата. Кал и магла има насекаде. Едвај го гледам човекот пред мене. Речиси еден со друг се држиме за ремените, да не се загубиме. Поминуваме меѓу запалени куќи. Колоната се влече покрај разнишаните плотови. Калта се лепи за чизмите и се развлекува како тесто. Најубави се оние линии на кои првпат доаѓаш. Сè е ново, необично и заебано до коска. Особено кога линијата ја преземаш ноќе, а утредента, штом се раздени, сфаќаш дека се наоѓаш на врвот од шајката. Јагленосани греди паѓаат од покривите и чрчорат во калта. Тераме по огромната падина. Тревата е лигава од маглата. А некој падне, ја сопира колоната и задолжително пцуе по претседателот и државата. Кога само ќе помислам дека оваа ноќ ќе спиеме на ледина, ме заболуваат хемороидите. Водичот од воената полиција нè изведува на врвот од ридот. Емир и јас го преземаме плиткиот ров во кој, извалкани од кал, се наоѓаат: јоги душек, јорган и чифт догорчиња испушени до крај и нервозно забиени в земја.

– Еј, момци, фрка ли е? – допира глас од нашата десна страна.

– Ој ваму па ќе ти кажам – одговара Емир лежејќи на јогито.

Ни приоѓа силуетата од зад грб.

Скокнува во ровот.

– Јас сум од третиот баталјон – ни кажува додека се ракуваме.

– Имате цигари?

Ја отворам табакерата полна Галес*.

– Нема да нè видат дур пушиме? – прашува Емир.

– Ма нема. Далеку се одовде, а и маглата е густа.

И Емир и јас, како по команда, палиме цигари.

– Туку, ај ти кажи ми, каква е ситуацијата овде?

– Заебано ли е?

– Денеска го ораа брдово со гранати. На еден борец од втората чета, гелер му го откина образот. На Метла, а тоа ти е рид дупло поголем од овој нашиов, имаат два зиса**. Нè гледаат ко у филџан – полека раскажува третобаталјонецот.

– Значи, кој ќе преживее, ќе јаде со златна лајца – дофрла Емир.

– Не е ни толку лошо ко што изгледа – го теши третобаталјонецот – од нешто секако ќе се умре.

Стравот се вовлекува во мене како влага. Утре ни следува бесплатно бричење.

***

Линијата на животот ти се прекинува на две места. Ќе бидеш ранет двапати, од тоа еднаш тешко, ми кажува Циганката. Џевада фрла грав, гледа во зрна, заклучува: те

---

* Марка колумбиски цигари, год. на производство 1974.

** Ридски топ со калибар од 76 мм.

очекува пат во странство и добар глас од далеку.

Ја направив хиерархијата на нештата:

1. војна
2. алкохол
3. поезија
4. љубов
5. пак војна

Најомилен рефрен: Ој кревету, чудна справо, те поздравувам здраво! здраво!

Најглуп цитат: Војната му е драга на оној кој не ја познава, од Еразмо Ротердамски.

Најомилена боја: Сина, сите нијанси на сино.

Најомилена книга: *Плексус* од Хенри Милер.

Најдрага пијачка: Домашна сливова.

Најомилено оружје: Унгарски калашников, број на пушка SV-3059.

Најомилено јадење: Литар ракија и кутија цигари.

Најомилен цитат: Да се стане бесмртен а потоа да се умре, Жан-Пјер Мелвил.

Неостварена желба: Гелер да ми направи лузна на лицето, да бидам заебан кога ќе влезам во кафеана.

Потоа заспав покриен со калливиот јорган.

2.

– Ај по пет марки дека Челичниот ќе ја претрча нивата.

– Се брои ли ако претрча ранет, или мора да биде нечепнат?

– Сеедно, само да претрча до белата куќа.

Челичниот, завикан така поради кожната алка со никлувани боцки, лежи зад шупливата бетонска ограда. Главата ја покрил со рацете. Куршуми од осумдесетичетворка* удираат во бетонските столбови, минуваат низ шуплините, се забиваат в земја. Челичниот станува, фаќа залет, рафал го турка на земја. Љубителите на коцкањето седат под дуњата во длабоко засолниште.

– Чело, жив си?

– Куров ми е жив, глеаш дека не мрда, не јачка.

– Кој му е крив, го тераше ли некој да ја претрчува нивата дење, моеше да почека да се стемни – се вмешува третиот набљудувач.

Челичниот пак станува, ги помрднува големите нозе со сета сила. Како да трча в место. Неговата фризура *долг врат* се виори од забрзување. Осумдесетичетворката си брка работа. Челичниот финишира како Бен Џонсон.

– Дај пет марки.

– Ќе ти дам кур у глаа.

– Па нели претрча?

– Да.

– Беше ли фер и поштено?

– Беше, да.

– А може у цигари?

*– Апсолутно романтишно.*

*– Апсолутно романтишно.*

Челичниот, со грб потпрен врз студениот ѕид од куќата,

* Пушкомитралез М-84, со калибар од 7.62 мм, со двојно барутно полнење.

вади скршени цигари од џебот. Со треперливите прсти запалува половина цигара. Ја поправа фризурата. Ги чисти прашината и земјата од униформата. Крвта му се враќа в лице. Ноќта паѓа како кец на десетка во карти.

3.

Згемба со нокотот вади човечки мозок од маслeницата. Кине парчиња со десната рака, ги мака во сол и ги става в уста. Со прстите од другата рака, од бело најлонско кесе (испрскано со смеса од мозок и крв) мезети младо кравјо сирење. Фацата му е саѓава од барутни гасови. Во скутот има пушкомитралез со кал. 7.62 мм. Пред пет минути, во овој ров седеа автономашите*. Преку насипот, превиткан е сè уште топол труп. Рафал му го преполовил черепот. Го вртам на грб. Од внатрешниот џеб на неговата СМБ ветровка го вадам паричникот. Гледам во неговата фотографија. Имал високо чело и изразени залистоци. Крупни и меланхолични очи. Со остриот раб од неговата фотографија, вадам парчиња јаболко меѓу забите.

***

Среде акција, Дебо запалил оган зад аголот на куќата, да ги исуши чорапите. На другиот крај од куќата, го потпрел автоматот на ѕидот. Автономашите удриле контра. Дебо го фатиле жив и ненаоружан. Со жица му ги врзале рацете зад грб и го стрелале зад шталата.

---

Вечерта, истиот ден, откако бевме сменети на линијата,

* Наоружани следбеници на Фикрет Абдиќ.

отидовме во кафеана. Пиевме на сметка на 5-от корпус, што значи џабе. Згемба во бокалот ракија фрлаше сини валиуми. Локавме ракија од чаши од два децилитри. Газдата донесе мезе, суво месо и тврдо сирење, на сметка на куќата. Имаше добродушна фаца. Ми изгледаше како искусен угостител. Келнерката, Романка, се жалеше кај газдата што пиеме џабе. Тој ја смируваше. Под усните ѝ ѕиркаа забите, разделени како кај гребло. Вели дека одела со некој тип од нашата бригада кого го викале Пекар. После неколку литри ракија, почнавме да ја кинеме кафеаната. Пукавме над шанкот, во огледалото и рафтовите за пијачки. Придушен со пукотниците, фолкот цивкаше од звучникот на касетофонот. Се обидував да ја погодам пластичната тепалка за муви, закачена на клинец во ламперијата. На терасата ги расфрлавме пластичните маси и столови. Искундачивме неколку мештани кои се побунија против нашите постапки. Разоруживме тројца цивилни полицајци и ги построивме пред фризерскиот салон. Со лада, газдата нѐ префрли до школото, во кое бевме сместени, десет километри подалеку од кафената. Надвор почна да врне. Бришачите се лизгаа преку ветробранот, како стрелки на мерач на притисок. Таа вечер немаше ништо повеќе за раскажување.

# ХИЕРАРХИЈА НА НЕШТАТА

## ОД ХАИКУ ДНЕВНИКОТ

Се напив и заспав на дрвената маса во бакалницата Јагода, пред австроунгарската зграда во која престојував.

Бев во хавајки и во маица со кратки ракави.

Малку пред мугри.

Мајка ми ме видела низ клозетскиот прозор.

Ме внеле во станот држејќи ме за раце.

Ме миеле во кадата.

Се чувствував како туѓо тело во уште поголемо туѓо тело.

Личев на уморен робот.

***

Рацете ми се тресеа додека пиев кафе.

Спроти зградата.

Во пицеријата Амфора.

Беше сосема нормално што рацете ми се тресат.

Вообичаени алкохолни тремори.

Кафето се симнуваше низ грлото.

Измивајќи ја смрдеата од пиво и коњак од сношти.

Минуваше едвај шестиот ден од војната.

Првпат во животот бев протеран.

***

Во вецето од барот Вест ги соблеков Левиските и му ги продадов на газдата за 100 милиони.

На банкнотата од еден милион се наоѓаше ликот на Никола Тесла.

На онаа од петстотини илјади беше Јосип Броз Тито.

Набргу снема пиво.

Едно чинеше половина милион.

Пиевме виски.

Келнерот го точеше од шише од пет литри.

Не забележавме кога падна ноќта.

Пред барот, од чешмата истекуваше ледена вода.

Топејќи го врелиот асфалт.

Мирисаше цутот на липите.

Медот беше во воздухот.

Потоа, на ништо не се сеќавам.

***

*За утрото кое ни дава илузија на некој почеток...*

Низ прозорецот во собата над кафеаната Ајдук.

Протекуваа стрелестите зраци на сонцето.

Во собата е пријатно.

Топлината ми се собираше во врвовите на прстите.

Облеков чисти бели боксерки.

Вадев монети и хартиени марки од џебовите на јакната.

Го отворив прозорецот и ги испружив рацете.

Свежината ми дувна в лице.

Што не е ни малку илузорно.

Ги броев германските марки.

Ова утро е создадено за тоа.

***

21.04.1992. (вторник) во 18 и 15 минути почна војната во мојот град.

На терасата од барот Казабланка, пиев сараевско пиво.

На нозете го имав најновиот модел адидаски.

Левиски.

Перјана јакна.

Се засолнав кај стрико ми, триесетина метри подалеку од кафеаната.

Тој ми даде Магнум 357 и шеесет куршуми.

Кои ги пикнав во џебовите од панталоните.

Некои куршуми имаа вдлабнатина на врвот.

Тоа беше дум-дум муниција.

Гранатите и зрна од разни калибри се звучната кулиса на првиот ден од војната.

Видов ѕвезда што паѓа како се урива на парче од небото помеѓу покривите од две куќи.

Посакав.

Крај на војната.

Да се смирам со девојката.

***

Колку пари имаш?

Десет марки.

Јас имам пет.

Можеме добро да се напиеме.

\------------------

Пиеме пиво од шише.

Подот е од мермер.

Од него бие студ.

Надвор е спарно.

Никој не носи саат.

Зашто времето нема никаква смисла.

***

Прекрасно е да бидеш прогонет.

Тоа значи дека си граѓанин од петнаесетти ред.

Никој не те познава.

Можеш да се измочаш среде улица.

И да продолжиш да чекориш понатаму.

Минувачите ќе речат: Каков сељак, прав дивјак!

Каде сите не ве потепаа!

Зошто не се боревте?

Кукавици!

Пички!

Кај ви се мадињата?

Само понекогаш, свирежот на хаубичните гранати од 155 мм на „нивното небо“ ги опоменува дека во оваа војна

не постои длабока заднина.

***

Кутија Галес е 17 марки.

Партнер е 20.

ХБ чини 25.

Скопското пиво е 10 марки.

Ќебапите се 20.

Вреќа брашно е 1000 DM.

Килограм кафе 330.

Опколени сме од сите страни.

Но, за сѐ постои замена.

Лист од дуња може да се пуши и чини нула марки.

Кафето од пржен јачмен е марка.

Шише ракија за чистење прозори е 10 DM.

Ќебапите се и онака луксуз.

Пченката е евтина и вкусна.

И понатаму сме опколени од сите страни.

***

Мајка ми, во шест саат сабајле, по блиските долини береше диво зелје испрскано од роса.

Ја донесуваше бербата во крената фута.

За ручек јадевме варено зелје со лук, супа од зелје и салата од зелје.

Полн сум железо.

Силен ко Попај.

***

Се излежувам на сивиот сунѓер од хуманитарната помош.

Мравките маршираат по ѕидот во густи колони.

Пијам валиуми од 10 мг.

Спијам по дваесет саати.

Во собата вежбам одење со патерици.

Сè уште ме боли ранетото стапало.

Јас читам Елиотовата *Љубовна песна на Алфред Џ. Прафрок.*

Во салонот, Грета и Наѓа редат пасијанс.

Мајка ми се вртка околу шпоретот на дрва.

Татко ми е на фронтот.

Зад нашата бегалска куќа, мајка ми засади кромид, пиперки и домати.

Го чекаме првиот род.

Пред куќниот праг, Коњче весело лае.

Сонцето е во зенитот.

***

Од крајната лева земјаница, по *жица* ни јавија дека загинал Осман Јакуповиќ.

Снајпер го погодил в чело, на местото каде што му почнува косата.

Беше невозможно да се стигне до последната земјаница на Падеж.

Вечерта на носила го донесоа кај нас.

Се разбуди од клиничка смрт.

Мрмореше заумни зборови.

Косата ни се креваше на глава додека го слушавме говорот на живиот мртовец.

Го однесоа во задднината.

Умрел во болница после три дена.

Не стигнав ни да го запознам.

Не се сеќавам на неговото лице.

Беше висок и мускулест младич од местото Стени.

***

10. 05.1992. (петок)

Денеска ништо не ми се случи.

***

Митралезот штрака како пес.

Набрав полна маица цреши.

Куршумите летаат над вжарените покриви.

Велат дека бие снајпер од Стариот град.

Тук-таму *дејствува* минофрлач од 60 и 82 мм.

Понекогаш, со по некоја граната се јавува тенк.

И VBR праќа серија ракети.

Се стресувам ако детонира близу.

Грозата ми се качува по ’рбетот.

Дланките се потат.

Зборувам за нормални нешта.

Како за облаци, цреши или Уна.

***

Решив да пишувам крајно штедливо.

Не се знае кога ќе заврши војната.

Пон. – пијан.

Вто. – пиј.

Сре. – исто.

Чет. – 0.